ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-04.бр.45/23
15.05.2023 год.
Кратово

Врз основа на чл.42, 43 и 49 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 35/08,150/10, 83/2018 и 198/2018 и Службен весник на РСМ бр.96/2019), а согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ бр.02-2158/1 од 10.12.2015 год. (објавена во Службен весник на РМ бр.219/15), Основниот суд Кратово го објавува следниот:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на 10 судии – поротници во Основен суд Кратово**

Основниот суд Кратово има потреба од 10 кандидати кои ќе му ги предложи на Судскиот Совет на РСМ за избор на судии - поротници за време од 4 години.

Заинтересираните кандидати за избор на судија - поротник потребно е да ги исполнуваат условите предвидени во член 42 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 8/06, 62/06, 35/08, 150/10 83/18, 198/19 и 96/19) и тоа:

- за судија-поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години.

За судија-поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судијата-поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое со член на Судски совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Заинтересираните кандидати кон пријавата потребно е во оригинал или копија заверена на нотар да приложат:

- Уверение за завршено образование,
- Уверение за државјанство,
- Потврда дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Изјава дека со судија, судија - поротник во овој суд или со член на Судскиот совет на Република Северна Македонија не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, заверена на Нотар.

Заинтересираните кандидати пријавата со потребната документација во прилог и контакт телефон можат да ги доставаат по пошта до Основен суд Кратово ул.„Јосиф Даскалов" б.б., Кратово или непосредно во приемното одделение на судот, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот на веб страната на судот и на огласната табла на судот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово